# КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО ОПШТИНА ШТИП ВО ПЕРИОД ОД 1979-2000 ГОДИНА

Ј. Витларова, Н. Камчев

РЕ Трансфузиологија, Медицински центар-Штип, Р. Македонија

## Вовед

Обезбедувањето крв во доволна количина за потребите на болните и повредените кои се лекуваат во работните единици на Медицинскиот центар во Штип е основна цел на РЕ Трансфузиологија.

## Цел

Реално да се прикажат постигнатите резултати во областа на крводарувањето во општина Штип во период од 1979 до 2000 година. Потребно е да се прикажат планираните и остварените годишни потреби од свежа крв; односот на реализираните крводарувања во работната единица и терен; застапеноста на крводарителите по возраст, пол и социјална структура; фрекфенција на крводарители по прв пат и повеќекратни крводарители.

## Материјал и методи

Во изминатите 22 години, РЕ Трансфузиологија во соработка со општинската организација во Црвен крст во Штип во работните организации, училиштата, факултетите и месните заедници реализираа вкупно 1253 акции за доброволно дарување на крв. Покрај тоа реализирани се повеќе стотици крводарувања и во просториите на работната единица за трансфузиологија.

## Резултати

Во периодот 1979 – 2000 година планирани се 37.776 крводарувања. Остварени се 59.665 или во просек планот е реализиран со 157.9%. Околу 25-162 или 42,1% од крводарувањата се остварени во работната единица, а 34.503 или 57.8% на терен. Организирани се вкупно 1253 доброволни крводарителски акции. Во просек секоја акција реализира во просек по 27,5 крводарувања. По прв пат даруваа 8.485 или 14,2% граѓани, а останатите 51.180 или 85,7% се повеќекратни дарители. Најголем процент 54,9% од крводарителите се на возраст од 26-40 години. Потоа следува возрасната група над 40 години (23,9%) и (21%) ворасната група од 18-26 години.Во просек 68% од крводарителите се мажи, а 32% се жени. Најголем процент од доброволните крводарители (68,9%) се работниците од непосредното производство, по нив следуваат учениците со 13,0%, а потоа административните работници со 9,2%. Во последните неколку години (1995-2000) се зголемува бројот на крводарители од невработени граѓани, стечајни работници и работници прогласени за технолошки вишок.

printed by MegaPrint Inc. www.postersession.com